РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1409/3
20-05-2020 СКОПЈЕ SHKUP 20 год.-viti

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката по предмет со број 09-2578/1 од 02.05.2019 година, бидејќи согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, член 107 став 1 точка 5, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по истиот предмет.

Предметот со број 09-2578/1 од 02.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Врз основа на анонимна пријава оформен е предмет со број 09-2578/1 од 02.05.2019 година за постоење судир на интереси за лицето ----------- поранешен пратеник во Собранието на РСМ, бидејќи имало влијание при вработувањето во Јавно Претпријатие, на својот брат ----------- и при постапка за вработување на својот син ----------- вработен во ЈП Водовод.

Државната комисија не отвори постапка за испитување на вработувањето на синот на наведеното службено лице, бидејќи од анонимната пријава не можеше да се утврди во кое Јавно претпријатие е вработен истиот, а со оглед на тоа дека пријавата е анонимна Државната комисија е беше во можност да бара допрецизирање на истата.

За останатиот дел од пријавата кој се однесува на вработувањето на братот на -----------, поранешен пратеник во Собранието на РСМ, согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈП -----------, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од предметот оформен по анонимна пријава за постоење на состојба на судир на интереси. Од увидот во документацијата, како и од информациите добиени од одговорното лице во горе наведената институција, ги утврдивме следниве состојби:


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

ЈП ---------- ја достави бараната документација до Државната Комисија за спречување на корупцијата во законски предвидениот рок од која што може да се утврди дека лицето -----------, брат на поранешниот пратеник во Собранието на РСМ е вработен на неопределено време во ЈП Стрежево - Битола, а работниот однос го засновал на 04.04.2008 година.

Поради фактот што вработувањето на ------------, брат на поранешниот пратеник во Собранието на РСМ, --------- е вработено во 2008 година, Државната Комисија за спречување на корупцијата нема можност за постапување согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, бидејќи не може да се покрене Иницијатива за поведување постастапка за утврдување на одговорност затоа што службеното лице не ја иврушува повеќе функцијата пратеник. Исто така Државната комисија за спречување на корупцијата не може да покрене Иницијатива за кривично гонење согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска со член 353 од Кривичниот Законик, бидејќи делото е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk